З А П И С Н И К
од Сто триесет и петтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 декември 2025 година

Скопје, декември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто триесет и петтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 декември 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 12:20 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата учествуваа и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Андреа Ѓошевска и Димитар Димоски, претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028) за ноември 2025 година

2. Инфорамација за степенот на реализација на заклучоците од седниците на Владата, со табеларен преглед јуни-декември 2025 година

3. Табеларни прегледи за постапување на институции, со прилози

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028) за ноември 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 45 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација со акциски план за реализација на проектот „Изработка на нова реонизација на земјоделското производство и поддршка на подобното производство по реоните“.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 45 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација со акциски план за реализација на проектот „Поддршка за формирање на мали и средни претпријатија во рурални средини“.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 45 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација со акциски план за реализација на проектот „Финансиска поддршка за млади брачни парови кои ќе се вратат во руралните краишта и ќе започнат бизнис“.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 45 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација со акциски план за реализација на проектот „Инструмент за полесен пристап до капитал за откупувачите  и формирање на кредитен револвинг фонд за откуп на земјоделски производи“.

5. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 45 дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да

достави информација со акциски план за реализација на проектот „Промена на производната, сортната и расовата структура“.

6. Се задолжува Министерството за здравство да преземе мерки за забрзана санација на потпорниот ѕид на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести во Скопје и во рок од три дена да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за досегашните активности.

7. Се задолжува Министерството за здравство, за наредната седница на Владата, да достави информација за спојување на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија со ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија.

8. Се задолжува Министерството за здравство, во координација со Министерството за финансии, да предложи нов начин на распределба на финансиски средства за повеќегодишна набавка на 100 амбулантни возила за Итната медицинска помош и да достави изменета информација за наредната седница на Владата.

9. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од еден месец, да достави нацрт верзија на Стратегијата за млади лекари до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

10. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од 10 дена, да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за преземените активности во врска со заклучокот број 53 од Сто и единаесеттата (тематска) седница на Владата, одржана на 16 септември 2025 година.

11. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од еден месец, да ги финализира анализите за профилите, бројноста и регионалната распределба на медицинскиот и помошниот кадар, согласно проектите од Програмата за работа на Владата и да го достави материјалот од анализата на разгледување до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

12. Се задолжува Министерството за здравство, да изработи план за континуирана едукација на здравствениот кадар, вклучително и план за ангажирање на странски експерти и студиски престои во странство за 2026 година, како и да испрати известување до сите јавни здравствени установи за планирање на активности за упатување на лекари на обуки согласно одредбите од Законот за здравствена заштита и за истото да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

13. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од десет дена, да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на

Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за статусот на имплементација на ИПА III компонентите од областа на здравството.

14. Се задолжува Министерството за здравство да организира консултативни средби со Министерството за дигитална трансформација и Агенцијата за заштита на личните податоци во врска со Предлогот на закон за евиденциите во областа на здравството и во рок од еден месец да го достави Предлогот на закон во владина постапка за разгледување и усвојување.

15. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од еден месец, да ги достави нацрт-верзиите на Стручните упатства за практикување медицина базирана на докази при лекувањето на пациентите, Болничките процедури за унапредување на квалитетот на здравствените услуги и Патеките за упатување и движење во здравствениот систем до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како и на секои четири недели да доставува информација со статус на финализирани и објавени упатства, како и план за нивна имплементација во пракса.

16. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од пет дена, да вклучи претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во работната група за изработка на предлогот на закон за лековите, работната група за изработка на предлогот на закон за здравствено осигурување и работната група за изработка на предлогот на закон за евиденции во областа на здравството

17. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за здравство, да ги разгледа можностите за зголемување на предвидените финансиски средства за 2026 година за спроведување на Националната програма за скрининг на малигни заболување за 2026 година, со цел воведување на скрининг на рак на црн дроб и скрининг на рак на простата и за истото да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

18. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во координација со секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да формира нова работна група, која најдоцна до 31 март 2026 година, ќе изработи нов предлог на закон за земјоделство и рурален развој.

19. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во координација со секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да формира нова работна група, која најдоцна до 31 декември 2025 година, ќе ја ревидира Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2021-2027).

20. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во координација со секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна

Македонија, да формира работна група, која најдоцна до 15 јануари 2026 година, ќе изработи предлог-програма за финансиска поддршка на земјоделството за 2026 година.

21. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во координација со секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да формира работна група, која најдоцна до 15 јануари 2026 година, ќе изработи предлог-програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година.

Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на заклучоците од седниците на Владата, со табеларен преглед јуни-декември 2025 година, ја усвои и ги задолжи министерствата кои немаат доставено информација за степенот на реализација на заклучоците од седниците на Владата, во рок од седум дена да ги достават потребните информации до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 3

Владата ги разгледа Табеларните прегледи за постапување на институции, со прилози, како материјал за информирање.

Точка 4

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 5

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:55 часот.